# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 14 | Год. LX | Вторник, 16 март 2004 | Цена на овој број е 270 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 228. | **Указ** бр. 81 од 12.03.2004 година................ | 2 |
| 229. | **Указ** бр. 82 од 12.03.2004 година................ | 2 |
| 230. | **Указ** бр. 83 од 12.03.2004 година................ | 2 |
| 231. | **Указ** бр. 84 од 12.03.2004 година................ | 2 |
| 232. | **Указ** бр. 85 од 12.03.2004 година................ | 2 |
| 233. | **Одлука** за пренесување на право на користење на движни средства........... | 2 |
| 234. | **Одлука** за давање согласност на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија........................................... | 3 |
| 235. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола | 3 |
| 236. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка „Царка Андреевска“ - Кратово.. | 3 |
| 237. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми - Скопје.................. | 3 |
| 238. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“ - Скопје....................... | 3 |
| 239. | **Решение** за разрешување од должноста државен секретар во Министерството за економија................................ | 4 |
| 240. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје | 4 |
| 241. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје........................ | 4 |
| 242. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ - Битола.................. | 4 |
| 243. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип.. | 4 |
| 244. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Ресен.......................... | 5 |
| 245. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Прилеп........ | 5 |
| 246. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Крушево..... | 5 |
| 247. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кичево | 5 |
| 248. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола................... | 5 |
| 249. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје........................................... | 6 |
| 250. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Куманово.... | 6 |
| 251. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Виница........ | 6 |
| 252. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес | 6 |
| 253. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Свети Николе............................................. | 7 |
| 254. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Неготино..... | 7 |
| 255. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кавадарци................................................ | 7 |
| 256. | **Одлука** за формирање на Комисија за процена на предаденото огнено оружје | 7 |
| 257. | **Одлука** за измена на Одлуката за начинот и условите за работа на нерезиденти со хартии од вредност во Република Македонија.............................. | 8 |
| | **Исправка** на Образецот бр. 2 на Државната изборна комисија................... | 8 |

**Акти на фондовите и заводите**

11. **Правилник** за изменување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на комисиите за оцена на работната способност.......... 8

**Коефициентите** за порастот на цените и порастот на трошоците на живот во Република Македонија за месец февруари 2004 година................ 8

**228.**

**У К А З БР. 81**
**ОД 12.03.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

Се разрешува

генералот Стамболиски Јован Методи

ФЧ: генерал, по формација: генерал,

Лична ВЕС: 31280, ЕМБГ: 1004947780815, Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Разрешувањето од должноста да се изврши веднаш.

Бр. 07-285
12 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**229.**

**У К А З БР. 82**
**ОД 12.03.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

Се унапредува во чин генерал мајор и поставува по мирновремена и воена формација за началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија

Генерал мајорот Бојаџијев Илија Ѓорѓи

ФЧ: генерал мајор, по формација: генерал-потполковник,

Лична ВЕС: 31140, ЕМБГ: 3103950490009

до сега: Помошник на НГШ за планирање, операции, видови-стандарди, обука и меѓуармиска соработка во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-286
12 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**230.**

**У К А З БР. 83**
**ОД 12.03.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

Се разрешува

Полковникот Лескаровски Васил Богослав

ФЧ: полковник, по формација: полковник,

Лична ВЕС: 32239, ЕМБГ: 1912950420009, Воен аташе во САД.

Разрешувањето од должноста да се изврши на 30.04.2004 година.

Бр. 07-287
12 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**231.**

**У К А З БР. 84**
**ОД 12.03.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 12 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

Се поставува по мирновремена и воена формација за воен аташе во Атина Република Грција

Потполковник Тодоровски Димитрија Слободан

ФЧ: потполковник, по формација: полковник

Лична ВЕС: 31440, ЕМБГ: 3108961450183

до сега: Началник на одделение за евроатлански интеграции во Управата за меѓуармиска соработка во Г-3 Планирање, операции, видови-стандарди, обука и меѓуармиска соработка во Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-288
12 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**232.**

**У К А З БР. 85**
**ОД 12.03.2004 ГОДИНА**

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001)

Се поставува по мирновремена и воена формација за советник за воени прашања на претседателот на Република Македонија

Генерал Стамболиски Јован Методи.

До сега: Началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

ФЧ: генерал, по формација: генерал

ВЕС: 31280, ЕМБГ: 1004947780815.

Овој указ да се изврши веднаш.

Бр. 07-289
12 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**233.**

Врз основа на член 4 од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/02) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.03.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СРЕДСТВА**

Член 1

Правото на користење на движни средства во државна сопственост – теписон стази од 1.767 $м^2$ се пренесува од досегашниот корисник – Собранието на Република Македонија на новиот корисник Министерството за одбрана.

Член 2

Примопредавањето на движните средства од член 1 на оваа одлука ќе се изврши меѓу Собранието на Република Македонија и Министерството за одбрана.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-816/1
8 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**234.**

Врз основа на член 18, став 2 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.03.2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, на седницата одржана на 9.01.2004 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-618/1
8 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**235.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола, се именуваат:
- Васко Лафазановски, дипл. градежен инженер,
- Никола Велевски, доктор на медицина,
- Љупчо Лозановски, дипл. економист.

Од редот на стручните работници во установата:
- Сиљан Сиљановски, дипл. социјален работник,
- Пецо Аспровски, дипл. правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола, на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-584/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**236.**

Врз основа на член 96 став 4 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА “ЦАРКА АНДРЕЕВСКА“ КРАТОВО**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка “Царка Андреевска“-Кратово се разрешуваат:
- Васе Ампов,
- Делчо Ангеловски,
- Благоротка Георгиевска,
- Петре Коцевски.

2. За членови на Управниот одбор на Јавната установа за деца-Детска градинка “Царка Андреевска“-Кратово, се именуваат:
- Влатко Апостолов, дипл. економист,
- Радмила Костадинова, дипл. педагог,
- Кирка Манасова, дипл. педагог,
- Невенка Петрова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-585/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**237.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО-СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми-Скопје, се именуваат:
- Воислав Ристовски, дипл. проф.,
- Душан Јаниќ, дипл. инженер,
- Хасан Рамадани, професор.

Од редот на стручните работници во установата:
- Стевчо Соколовски, дипл. психолог,
- Верица Марковиќ, дипл. дефектолог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми-Скопје, на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-586/3
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**238.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ДЕТСКИ ДОМ “11 ОКТОМВРИ“-СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом “11 Октомври“-Скопје, се именуваат:
- Ардијана Исахи-Палоши, професор,
- Драги Боински, адвокат,
- Климе Илковски, дипл. економист.

Од редот на стручните работници во установата:
- Оливера Јовиќевиќ, дипл. социолог,
- Милица Стерјовска, дипл. педагог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом “11 Октомври“-Скопје, на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-587/3
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**239.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03 и 85/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

1. Се разрешува Ѓорѓи Петрушев од должноста државен секретар во Министерството за економија, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-806/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**240.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје се именуваат:

- Сами Етемов,
- Милисав Јовановски, дипл. педагог,
- Лаура Исаку, психолог.

Од редот на стручните работници во установата:

- Даниела Стојчевска, дипл.дефектолог,
- Надица Василева, архивар.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-588/3 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**241.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје се именуваат:

- Владо Баџаков, дипл. инж.архитект,
- Сафет Нуредини, професор,
- Виктор Татабитовски, дипл. економист.

Од редот на стручните работници во установата:

- Катица Кичукова-Голубовска, дипл.педагог,
- Весна Самојловска, дипл.психолог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-589/3 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**242.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА "СЈУ РАЈДЕР" БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за стари лица "Сју Рајдер" - Битола се именуваат:

- Златко Ќурчиевски, дипл. елек.инженер,
- Весна Бендевска, дипл. психолог,
- Зорица Чупуровска, доктор на медицина.

Од редот на стручните работници во установата:

- Татјана Галовска, благајник,
- Ленче Тодоровска, медицинска сестра.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за стари лица "Сју Рајдер" - Битола на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-590/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**243.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА -ШТИП**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип се именуваат:

- Лидија Василевска, дипл.одделенски наставник,
- Ален Георгиев, доктор на медицина,
- Никола Наџаков, адвокат.

Од редот на стручните работници во установата:

- Гордица Данилова, дипл. социјален работник,
- Слободан Трајковски, дипл. правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-592/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**244.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/2000 и 17/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА РЕСЕН**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа -Ресен се именуваат:
- Јасмина Тасевска,
- Пеце Бандиловски, дипл.шпедитор,
- Осман Шукриу.

Од редот на стручните работници во установата:
- Ѓорѓи Стојановски, дипл. социјален работник,
- Вердин Николовски, дипл. социјален работник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Ресен на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-593/3
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**245.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ПРИЛЕП**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Прилеп се именуваат:
- Марјан Ангелески, дипл. проф.,
- Жарко Митески, доктор на медицина,
- Сашо Стојчески, дипл. економист.

Од редот на стручните работници во установата:
- Петар Ацески, дипл. социјален работник,
- Цветанка Јаневска, дипл. педагог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Прилеп на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-594/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**246.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КРУШЕВО**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Крушево се именуваат:
- Веле Карпалески, одделенски наставник,
- Викторија Николовска, дипл. економист,
- Аднан Мемети, наставник.

Од редот на стручните работници во установата:
- Елена Димовска, сметководител,
- Драган Милошевски, дипл. педагог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Крушево на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-595/3
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**247.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КИЧЕВО**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кичево се именуваат:
- Круме Дабески, доктор на медицина,
- Горан Секуловски,
- Имер Зенку, инженер.

Од редот на стручните работници во установата:
- Мира Митревска, економист,
- Арзије Хасани, дипл. правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Кичево на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-596/3
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**248.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА - БИТОЛА**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола се именуваат:
- Омер Сулејманов, доктор на медицина,
- Викторија Спирова, дипл. професор,
- Никола Велјановски, доктор на медицина.

Од редот на стручните работници во установата:
- Лидија Егуменова, дипл. психолог,
- Мевљана Мехмед, медицинска сестра.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца - Битола на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-597/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**249.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје се именуваат:

- Марина Чорбевска, дипл. правник,
- Катерина Урдаревска, дипл. социјален работник,
- Авни Нухиу, професор.

Од редот на стручните работници во установата:

- Дијана Димовска, дипл. правник,
- Ѓорѓи Блажевски, дефектолог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-598/3 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**250.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – КУМАНОВО**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово се именуваат:

- Зоран Тасевски, дипл. педагог,
- Гордана Божиновска, дипл. правник,
- Африм Ќерими, дипл. проф. по хемија.

Од редот на стручните работници во установата:

- Шукри Исуфи, дипл. правник,
- Наташа Трајковска, дипл. правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-599/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**251.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ВИНИЦА**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Виница се именуваат:

- Љупчо Секуловски,
- Санде Динев,
- Кирчо Цоневски, дипл. проф. по одбрана.

Од редот на стручните работници во установата:

- Јован Костадинов, дипл. социјален работник,
- Драгица Ристовска, сметководител.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Виница на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-601/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**252.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ВЕЛЕС**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес се именуваат:

- Катерина Димитриевиќ, дипл. технолог,
- Ратка Ѓеорѓиевска, дипл. технолог,
- Ефтимија Карбева – Лукарова, дипл. дефектолог.

Од редот на стручните работници во установата:

- Веселинка Тошева, дипл. психолог,
- Звездана Т. Јорданова, дипл. психолог.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-602/2 Претседател на Владата
1 март 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски**, с.р.

**253.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – СВЕТИ НИКОЛЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Свети Николе се именуваат:

- Трајко Кочиев, дипл. социолог,
- Валентина Митева, дипл. правник,
- Митре Миладинов.

Од редот на стручните работници во установата:

- Мелита Стојкова, дипл. правник,
- Мирјана Калофова, дипл. социјален работник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Свети Николе на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-603/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**254.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – НЕГОТИНО**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино се именуваат:

- Трајче Бојаџиев, дипл. соц. работник,
- Лазар Камендолиев,
- Гордана Камчева, дипл. економист.

Од редот на стручните работници во установата:

- Лазо Атанасов, дипл. соц. работник,
- Вијолета Тасева, дипл. правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Неготино на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-604/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**255.**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00 и 17/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – КАВАДАРЦИ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци се именуваат:

- Веселинка Митрева, дипл. социолог,
- Зоран Миленков, дипл. филозоф,
- Јасминка Христова.

Од редот на стручните работници во установата:

- Роза Гичова, дипл. социјален работник,
- Виолета Петкова, дипл. социјален работник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-605/2
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**256.**

Врз основа на член 9 од Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2003 и 9/2004), Координативното тело за спроведување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето, на седницата одржана на 10 март 2004 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА НА ПРЕДАДЕНОТО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Комисија за процена на предаденото огнено оружје од аспект на неговата материјална вредност, уметничко, историско и културно значење (во натамошниот текст: Комисија).

Член 2

Комисијата се состои од по еден претставник од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за култура и двајца претставници на меѓународните организации во Република Македонија.

Член 3

Процената на материјалната вредност, уметничкото, историското и културното значење на предаденото оружје, Комисијата ќе ја изврши согласно со роковите утврдени со Законот.

Процената на предаденото оружје од страна на Комисијата е конечна.

За извршената процена на огненото оружје што ќе се уништува и оружјето со историско, уметничко и културно значење, Комисијата поднесува извештај до Координативното тело.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-3020/03-17
10 март 2004 година
Скопје

Претседател,
**Г`зим Острени,** с.р.

---

**257.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за девизно работење („Сл. весник на РМ“ бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03) и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03 и 85/03), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата III-та седница, одржана на 11.03.2004 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА НЕРЕЗИДЕНТИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за начинот и условите за работа на нерезиденти со хартии од вредност во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/02, 11/03 и 19/03) се вршат следните измени:

„1. Во точка 3 став 2 алинеја 3 по зборовите: „(на пр. стечај)“, зборот „и“ се заменува со „запирка“, а на крајот од реченицата по зборот „нерезидент“ точката се брише и се додаваат зборовите: „и во случај кога се долгорочни хартии од вредност издадени од Република Македонија, а нерезидентот ќе ги употреби за купување на државен капитал, во согласност со прописите со кои се регулираат можностите за нивно користење.“

II. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О.бр. 02-15/III-1/2004
11 март 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески,** с.р.

---

Во Образецот на Државната изборна комисија број 2 објавен во (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2004), е направена грешка поради што се дава следнава

И С П Р А В К А

Во Образецот број 2 кој се однесува на Листата на кандидат за претседател на Република Македонија по предлог на 30 пратеници на Собранието на Република Македонија, пред Табелата, зборот “избирачите“ се заменува со зборот “пратениците“.

Бр. 07-26/2
12 март 2004 година
Скопје

Од Државната изборна комисија

## АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

### ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**11.**

Врз основа на став 1 точка 1 на член 163 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (“Службен весник на РМ“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 5/01, 50/01 и 85/03), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17.02.2004 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОЦЕНА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на комисиите за оцена на работната способност (“Службен весник на РМ“ бр. 65/94, 35/96 и 46/01), во членот 7 став 1 зборот “два“ се заменува со зборот “три“.

Член 2

Овие измени влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1419/1
9 март 2004 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Ленка Балаловска**, с.р.

---

## О Б Ј А В И

Врз основа на член 74 од Законот за сметководство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/93, 48/93, 6/95, 32/98, 39/99 и 70/2001), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

## К О Е Ф И Ц И Е Н Т И Т Е
## ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ И ПОРАСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2004 ГОДИНА

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производители на индустриски производи во февруари 2004 година во однос на јануари 2004 година е – 0.001.
2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот е – 0.005.
3. Коефициентот на порастот на цените на производители на индустриски производи во февруари 2004 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува – 0.018.
4. Коефициентот на пораст на животните трошоци во Република Македонија во февруари 2004 година во однос на просекот на животните трошоци за 2003 година во Република Македонија е 0.009.

Директор,
м-р **Дончо Герасимовски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**